Бр.40-145/11
07.03.2024 година

# ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО НА ОПШТИНА БИТОЛА

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 година

**На 13 април 2023 година година се одржа првата конститутивна седница на новиот состав на Локалниот совет за волонтерство на општина Битола (ЛСВ) На седницата за Претседател на ЛСВ беше избран Златко Талевски, а за заменик Претседател беше избрана Викторија Брдаровска.**

**Во текот на 2023 година ЛСВ одржа вкупно 5 седници за кои е доставен детален записник.**

**Во текот на месец мај 2023 година Советот на општина Битола ја усвои Локалната стратегија за промоција и развој на волонтерството на општина Битола 2023 – 2026 година. Стратегијата беше изработена во еден крајно транспарентен и партиципативен процес со вклучување на сите засегнати страни како дел од иницијативата „Време е за волонтирање“ во координација на Младински културен центар – Битола.**

**Општа цел на Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството во општина Битола е постојан развој, промоција и јакнење на волонтерството во општина Битола.**

Стратегијата е сосредочена на следните конкретни специфични цели:
СЦ1: Промоција на волонтерството во општина Битола;
СЦ2: Поттикнување на волонтирањето на локално ниво;
СЦ3: Поддршка на волонтерството во образовниот систем;
СЦ4:Унапредување на системот за институционална поддршка на волонтерството

Временската рамка за спроведување на Стратегијата е четири години и истата ќе се спроведува во периодот од јануари 2023 година до декември 2026 година.

Локален Совет за Волонтерство на Општина Битола
sovetzavolonterstvobt@gmail.com
www.facebook.com/sovetzavolonterstvobitola

Во акцискиот план кој е дел од Стратегијата подетално е разработена временската рамка за спроведување на планираните активности.

ЛСВ на своите седници подготви годишен акционен план за реализација на активностите предвидени во Стратегијата.

**ЛСВ во соработка со општина Битола го објави повикот за поддршка на волонтерски акции во општина Битола. Вкупниот фонд за поддршка беше 100.000 денари, со тоа што максималниот буџет за поддршка на една волонтерска акција е до 15.000 денари.**

**На јавниот повик за поддршка на волонтерски акции кој го објави општина Битола (критериуми, апликација и пропратни документи) имаше доставено вкупоно 18 апликации.** Според доставениот прелиминарен извештај од општинската администрација, според критериумите на повикот дел од апликациите не ги исполнуваат условите, кај поголемиот дел од апликациите е забележано отсуство на меморандуми за соработка со училиштата или немање дозвола за користење на јавен простор/урбана опрема, што беа услови за успешна апликација.

Претседателот на ЛСВ потсети на одлуката од претходниот состанок член на ЛСВ да не гласа за апликација во која има конфликт на интерес. **Сите членови на ЛСВ извршија поединечно оценување на апликациите на претходно подготвена писмена форма, за зголемување на транспарентноста и објективноста во оценката на апликациите.**

**Апликации кои ги исполнуваат критериумите и добија доволен број на бодови беа вкупно шест,** и тие се:

- Регионално географско друштво ГЕОСФЕРА- Битола (вкупно 92 бода)
- Здружение за психолошка поддршка СЕГА И ОВДЕ Битола (87,5 бодови)
- Младински културен центар – Битола (100 бодови)
- Здружение за развој на граѓанското општество, демократија, човекови права, владеење на правото и поттикнување на едукативниот, културниот, економскиот развој ЕВРОПСКИ РАЗВОЕН ИНСТИТУТ-ЕРИ Битола (96 бодови)
- Здружение за млади ШИРОК СОКАК МЕДИА Битола (90 бода)

- ИМКА (93,33 бодови)

ЛСВ препорача на соодветната Комисија во општина Битола да ги поддржи овие 6 апликации. Препораката беше во целост прифатена.

Бидејќи фондот е 100.000 денари, ако на овие шест апликанти им се додели сумата од 15.000 денари, ќе останат средства и за други апликанти. Членовите на ЛСВ едногласно дадоа препорака за две апликации кои беа најквалитетни:

- ЗУР Македонски ракотворби
- Здружение за одржлив развој СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ

Комисијата делумно ја одобри само првата апликација поради ограничениот фонд.

Подетален опис за реализацијата на волонтерските акции:

- Регионално географско друштво ГЕОСФЕРА- Битола во партнерство со ОУ Св. Климент Охридски – волонтерска акција за еко работилници за јакнење на волонтерстовто, изработка на еко мурал, еко акции за чистење и засадување на овошни дрвца.
- Здружение за психолошка поддршка СЕГА И ОВДЕ Битола во партнерство со ОУ Гоце Делчев – волонтерска акција за 1.психодрамска работилница за истражување на менталното здравје со цел спроведување на нивни идеи, пораки и креативно изразување за значењето на менталното здравје 2. користење на споделените информации во изработка на мурал 3. изработка на мурал на јавна урбана локација
- Младински културен центар – Битола во партнерство со ОУ Ѓорѓи Сугарев – волонтерска акција за боење и разубавување на ѕидовите на ООУ Ѓорѓи Сугарев
- Здружение за развој на граѓанското општество, демократија, човекови права, владеење на правото и поттикнување на едукативниот, културниот, економскиот развој ЕВРОПСКИ РАЗВОЕН ИНСТИТУТ-ЕРИ Битола во партнерство со ОУ Александар Турунџев с. Кукуречани – волонтерска акција за подготовка на терен и поставување лулашки.

Садење дрва и цвеќе. Образовни сесии за учениците за грижа за цвеќиња и одржување на чистота на школскиот двор (96 бодови)

- Здружение за млади ШИРОК СОКАК МЕДИА Битола во партнерство со ОУ Трифун Пановски - волонтерска акција за уредување на училишниот двор преку фарбање на голови, кошеви и изработка на маси и клупи од палети (90 бода)
- ИМКА во партнерство со СОЕУ Јане Сандански - волонтерска акција за бојадисување на постоечките клупи, изработка на нови клупи, изработка на маси од пелети, покривање на дел од клупите масите, поставување на канти за отпадоци, работилница за селекција и рециклирање на отпадот

Беше даден предлог од членовите, комисијата од општина да ги извести апликантите кои се одбиени и да им ја наведе причината зошто се одбиени за во иднина да внимаваат на документацијата при аплицирање.

**ЛСВ поднесе и формален предлог за зголемување на фондот за волонтерски акции до општинската администрација за три пати. Овој предлог на ЛСВ беше прифатен и фондот за поддршка на волонтерски акции за 2024 година ќе биде 300.000 денари.**

**Локалниот совет за волонтерство на општина Битола (ЛСВ), ја додели наградата за волонтерски ангажман во локалната заедница за 2023 година, по повод 5 декември - Меѓународниот ден на волонтерите.** Целта на доделувањето на оваа награда е да се поттикне и промовира волонтерството во Битола, да се зголеми видливоста на волонтерите и позитивните волонтерски практики и да инспирира понатамошно унапредување и развој на волонтерството на локално ниво. Наградата е од големо значење за признавање на граѓанскиот ангажман во подобрување на животот во локалната заедница.

**Добитници на наградата оваа година според категориите се: за волонтерска организација - Хуманитарната организација „Свети Спас", за волонтер поединец - Леонардо Соколов и за волонтерска програма - Локален волонтерски сервис Битола.**

**Како дел од другите активности за прослава на 5 декември со Сфера Интернешнл и МКЦ-Битола во партнерство со ЛСВ организираше и јавна дискусија и работилница за промоција на волонтирањето во рамките на Саемот за волонтерство кој беше организиран од Американското катче во Битола.**

**ЛСВ фукционираше со непотполн состав од 7 активни членови и нашиот предлог за објавување на дополнителен јавен повик за пополнување на 2 испразнети места во ЛСВ не беше прифатен од Комисиите на Советот на општина Битола. И покрај намалениот капацитет, ЛСВ потполно ги исполни очекувањата и предвидените обврски за 2023 година и го продолжи трендот на општина Битола како општина лидер во поддршка и спроведување на волонтерски политики и програми.**

Локален совет за волонтерство на општина Битола

Претседател

Златко Талевски

Битола 07 март 2024 година.